МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр 12-15157/6
22-09-2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 25 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014 , 10/15 и 98/15) министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за измени на наставните програми по математика, биологија, хемија и физика за деветгодишно основно образование во делот на нормативот за наставен кадар

1. Со ова решение се донесуваат измените на наставните програми по математика за VII и VIII одделение, биологија, VII и VIII одделение, хемија VIII одделение и физика VIII одделение за деветгодишно основно образование во делот на нормативот за наставен кадар, и тоа:

- Во наставната програма по математика за VII одделение на деветгодишното основно образование, со број 07- 2332/1 од 15. 03. 2008 година, точката бр. 8 со наслов „НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР" се менува и гласи:
  Настава по математика во VII одделение на деветгодишното основно образование може да реализира лице кое завршило:
  - студии по математика - наставна насока, VII/1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - студии по математика - физика, VII /1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - студии по математика - хемија, VII /1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - студии по математика – информатика, наставна насока, VII /1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - студии по математика – друга ненаставна насока, VII /1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС, и стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа.

- Во наставната програма по математика за VIII одделение на деветгодишното основно образование, со број 07- 9257/1 од 02. 12. 2008 година, точката бр. 6 со наслов „НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР" се менува и гласи:
  Настава по математика во VIII одделение на деветгодишното основно образование може да реализира лице кое завршило:
  - студии по математика - наставна насока, VII/1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - студии по математика - физика, VII /1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - студии по математика - хемија, VII /1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - студии по математика – информатика, наставна насока, VII /1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  студии по математика – друга ненаставна насока, VII /1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС, и стекната педагошко- психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа.

- Во наставната програма по хемија за VIII одделение деветгодишно основно образование со број 07-9258/1 од 02.12.2008 година, точката бр. 8 со наслов НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР се менува и гласи:
  Наставата по предметот хемија во VIII одделение на деветгодишното основно образование може да ја изведува лице кое завршило:
  - студии по хемија, наставна насока, VII/1, или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - двопредметни студии биологија – хемија, VII/1, или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - двопредметни студии физика – хемија, VII/1, или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - двопредметни студии математика – хемија, VII/1, или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - студии по хемија, друга ненаставна насока, VII/1, или стекнати 240 кредити на ЕКТС, и стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: | 29. 09. 2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 14/175 | - | |

- Во наставната програма по физика за VIII одделение од деветгодишно основно образование со број 07-9262/1 од 02.12.2008 година точката 8 со наслов НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР се менува и гласи:
  Настава по физика во VIII одделение од деветгодишното основно образование може да реализира лице кое завршило:
  - студии по физика – наставна насока, VII/1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - двопредметни студии, група математика – физика, физика – хемија, VII/1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - студии по физика – друга ненаставна насока, VII/1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС и стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа.

- Во наставната програма по биологија за VII одделение деветгодишно основно образование со број 07-2329/1 од 15.03.2008 точката број 6 со наслов НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР се менува и гласи:
  Наставата по предметот биологија во основното образование може да ја изведува лице кое завршило:
  - двопредметни студии биологија – хемија, VII/1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - студии по биологија, наставна насока, VII/1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - студии по биологија, друга ненаставна насока, VII/1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС, и стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа.

- Во наставната програма по биологија за VIII одделение деветгодишно основно образование со број 07-9260/1 од 02.12.2008, точката број 6 со наслов НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР се менува и гласи:
  Наставата по предметот биологија во основното образование може да ја изведува лице кое завршило:
  - двопредметни студии биологија – хемија, VII/1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - студии по биологија, наставна насока, VII/1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС;
  - студии по биологија, друга ненаставна насока, VII/1 или стекнати 240 кредити на ЕКТС и стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа.

2. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе отпочне да се применува од учебната 2015/16 година.

## Образложение

Врз основа на член 25 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/15 и 98/15) министерот за образование и наука донесува наставен план и наставни програми на предлог на Бирото за развој на образованието.

Измените во наставните програми во делот на нормативот за наставен кадар се донесуваат со цел подобрување на наставата и овозможување влез на квалитетен образовен кадар со стеканти 240 кредити на ЕКТС (или завршен VII/1 степен) во основното образование.

Со оглед на гореизнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

**МИНИСТЕР,**

Abdilaqim Ademi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ 4

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Бирото за развој на образованието
- Архивата